


**- Групација за против пожарна заштита и безбедност при работа-**

**З П И С Н И К**
**од Конститутивната седница на Групација за против пожарна заштита и безбедност при работа одржана на 16.04.2010 година во Стопанска комора на Македонија**

Состанокот го водеше Војкан Николовски советник во Стопанска комора на Македонија, кој го предложи, а присутните го прифатија следниот,

Д н е в е н р е д

1. Усвојување на правилата за организација и начин на работа на Групацијата
2. Избор на членови на Управниот одбор на Групацијата
3. Избор на претседател и заменик претседател на Групацијата.
4. Актуелни состојби и проблеми во дејноста.
5. Разно.

Откако се прифати дневниот ред се помина на работа по истиот

**Точка 1**

Воведни напомени по Правилата за организација и начинот на работа на Групацијата даде Војкан Николовски кој накратко ги образложи основните начела на правилата.

По дискусијата во која учествуваа поголем број од присутните се дадоа следниве забелешки и дополненија кои се составен дел на Правилата и тоа:

- Во преамбулата на Правилата наместо “Групација против пожарна заштита“ да се смени и називот на групацијата да гласи “Групација за против пожарна заштита и безбедност при работа“

- Во член 3 став 1 по зборовите “се занимаваат со“ да се бришат зборовите “промет со против пожарна и ХТЗ опрема“ и да се замени со зборовите “производство и промет на против пожарна опрема, опрема за заштита и спасување, лична заштитна опрема и услуги во делот на против пожарна заштита безбедност и здравје при работа“.

- Во член 6 став 1 по зборовите “унапредување на“, зборот “промет“ да се бриши и замени со зборовите “производството и прометот на против пожарна опрема, опрема за заштита и спасување, лична заштитна опрема и услуги во делот на против пожарна заштита и безбедност и здравје при работа “

- Во член 9 став 2 се утврди да Управниот одбор на Групацијата да брои 11 членови.

- Во член 9 став 5 по зборот “изнесува“ да се брише “5 години“ и се замени со зборовите “2 години“.

Со изврчените дополненија Правилата за организација и начинот на работа на Групацијата беа едногласно усвоени.

**Точка 2**

На предлог на членовите на Групација за против пожарна заштита и безбедност при работана се избра Управен одбор од 11 члена и тоа:

1. Зоран Милков - Мист Пасторка од Кавадарци
2. Часлав Јовановиќ - Превентива од Куманово
3. Мите Мишевски - Елмонт од Велес
4. Борче Стојчевски - Проген 3 од Скопје
5. Драган Стоевски - Техноинспект од Скопје
6. Тони Ангеловски - Антиплам од Скопје
7. Гоце Гиевски - Пастор С-9 од Скопје
8. Владица Стојановиќ - Форест од Скопје
9. Милан Клопчевски - Огнопревент инженеринг од Скопје
10. Димитар Петревски - Сигурност ДП од Скопје
11. Гоце Димитриевски - Пастор Лукс од Скопје

**Точка 3**

На предлог на членовите на Групација за претседател на Групацијата се избра:

Тони Ангеловски - Антиплам од Скопје, претседател

На предлог на членовите на Групација за заменик-претседател на Групацијата се избра:

Драган Стоевски - Техноинспект од Скопје, заменик-претседател

**Точка 4**

Расправајки по оваа точка присутните истакнаа дека активностите на Групацијата треба да бидат насочени во разрешување на проблемите со кои се соочуваат компаниите од овие дејности. Посебно беа истакнати активностите кои треба да се реализираат во правец на измени и дополнување на Законски и подзаконски акти од оваа област, соработката со надлежните министерства, институции и организации.

Како приоритет за работа на Групацијата, беше истакнато дека е потребно изготвување на Програма за активности во наредниот период која би опфатила динамика на активности за покренување на иницијативи за промени на подзаконски акти- Правилници, изготвување на Конекс на однесување на членките на групацијата, афирмирање на ставовите на групацијата пред надлежните органи, соработка со осигурителните копании.

Беше истакнато дека е потребно покренување иницијатива за измена на процедурата и начинот за носење на правилници , стандарди и издавање на лиценци за вршење на дејноста со која ќе се побара овие активности да се вршат во соработка на надлежните органи и организиран облик на здружување на фирмите од оваа област.

По расправата се заклучи да членките на групацијата до Стопанската комора на Македонија односно Групацијата да достават свои предлози за изготвување на Програмата за работа односно активности во 2010 година најдоцна до 20.04.2010 година.

Под точката разно немаше расправа.

Списокот на присутни е составен дел на Записникот и се чува во документација во Дирекцијата за застапување и преставување на интересите на членките

Подготвил: Војкан Николовски,

Претседател
Тони Ангеловски с.р.

Бр.22-953/1

16.04.2010 год.

Скопје